Врз основа на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за номинирање, избор и прогласување на Првенец на генерација и пофалени ученици со дел. бр. 02-40/2 од 16.1.2026 година и Одлуката за формирање на Комисијата за избор на Првенец на генерација при ООУ„Тоде Хаџи - Тефов“ Кавадарци на ден 20.1.2026 година, Комисијата за избор на Првенец на генерација распишува:

# КОНКУРС

Согласно условите и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за номинирање, избор и прогласување на Првенец на генерација и пофалени ученици можат да конкурираат:

1. Учениците кои следат настава во IX одделение;
2. Учениците кои имаат континуиран одличен успех (5,00) од IV до VIII одд. и високо ниво од I до III одделение на крајот од учебната година и одличен успех (5,00) на крајот од првото полугодие од IX одд.;
3. Учениците кои имаат примерно поведение од I до IX одд. на крајот од учебната година;
4. Учениците кои учествувале на училишни, регионални, државни, меѓународни натпревари или проекти;
5. Учениците кои не е казнувани со педагошка мерка од кој било вид во текот на школувањето во училиштето и вкупниот број на нивни неоправдани изостаноци во текот на годината не е поголем од 3 (за секоја учебна година поодделно);
6. Учениците кои покажале интерес за учество во активности, промоции и проекти за унапредување и промовирање на училиштето, кои имале позитивни ставови и се залагале за основните човечко-морални особини: работливост, одговорност, принципиелност, чесност, искреност, скромност, племенитост, алтруизам.

**Потребна документација:**

1. Пријава до училиштето која може да се побара кај одд.раководител, а ја потполнува ученикот;
2. Свидетелства од I до IX одделение (фотокопирани);
3. Дипломи, награди, признанија, пофалници (фотокопирани);
4. Доказ дека учествувал во други активности, проекти во текот на школувањето.

Документите се доставуваат до архивата на ООУ„Тоде Хаџи - Тефов“- Кавадарци.

Конкурсот трае 3 работни дена од неговото објавување.

Датум: 20.1.2026 г.

Комисија за избор на Првенец на генерацијата за учебната 2025/2026 г.